**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-90/6**
**Скопје,29.12.2025 година**

Записник од триесет и четврта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 29.12.2025 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Анита Тополова Исајловска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева-член
Г-ѓа Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и четвртата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесет и четвртата седница на Советот и воедно го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 32-та, 33-та и 35-та седница на Советот
2. Формирање на работна група за подготовка на Годишниот извештај на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2025 година
3. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје
4. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје
5. Донесување на одлука за формирање на пописна Комисија во Советот на јавните обвинители на РСМ

6. Измена и дополнување на Распоредот за работа на членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2026 година
7. Разгледување и оценување на Годишниот извештај на ЈОРСМ за 2024
8. Разно

Вака предложениот дневен ред беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 32,33 и 35-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот кажа дека согласно законот Советот има обврска да изготви Годишен извештај за работата на Советот кој извештај се доставува до ВРСМ, Собранието на РСМ, ЈОРСМ и МП на РСМ. Воедно предложи да се формира работна група која ќе го изготви Годишниот извештај на Советот за 2025 година. За членови на работната група ги предложи г-ѓа Марјана Илиеска, г-ѓа Светлана Стојковиќ и г-дин Ардиан Демири.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими, кажа дека по дадената оставка од страна на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, законска обврска на Советот е да објави оглас за избор на Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за распишување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје.**

Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека на 17-ти март 2026 година на 5-пет јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје им завршува мандатот, со што Советот треба да објави оглас за избор на 5-пет јавни обвинители во тоа јавно обвинителство.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за распишување на оглас за избор на 5-пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје.**

Под точка пет од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека поради спроведување на редовен попис во Советот, Советот треба да донесе одлука и решение за формирање на пописни комисии за вршење на попис на постојани средства и попис на залиха на материјали, резервни делови, ситен инвентар и амбалажа, како и пописна комисија за парични средства и хартии од вредност и попис на побарувања и обврски.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за формирање на комисија за вршење на попис на постојани средства и попис на залиха на материјали, резервни делови, ситен**

**инвентар и амбалажа, како и пописна комисија за парични средства и хартии од вредност и попис на побарувања и обврски.**

Под точката шест од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на постоечкиот распоред за работа на членовите на Советот треба да се изврши измена и тоа за координатор на ВЈО Битола на местото на г-ѓа Зорица Павловиќ, координатор ќе биде г-ѓа Душица Димитриеска, со тоа што координатори за подрачјето на ВЈО Гостивар ќе бидат г-ѓа Кети Петкова и г-ѓа Зорица Павловиќ.

Под точка седум од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими и даде збор на ВД Јавен обвинител на РСМ г-ѓа Анита Тополова Исајловска.

ВД Јавниот обвинител на РСМ г-ѓа Анита Тополова Исајловска стакна дека во извештајот се прикажани сите податоци на кои се темелат и претходните извештаи, а тој е сублимат на извештаите добиени од страна на Вишите и Основните јавни обвинителства во РСМ, како и извештајот на ОЈО ГОКК-Скопје. Ги запозна членовите на Советот со бројката на сторители на кривични дела, со бројот на НН сторители и кажа дека јавните обвинители постапувале по вкупно 32.709 предмети, која се однесува по лица. Воедно ги запозна со бројот на решени кривични пријави, како и на број на пријави кои се во работа. Исто така членовите на Советот беа запознаени со број на издадени казнени налози, број на склучени предлог спогодби во скратена постапка, со број на отфрлени пријави по чл.288 од ЗКП, број на пресуди донесени од страна на надлежните судови, број на притвори, како и за посебните истражни мерки каде истакна дека има намалување на бројот на случаи каде биле спроведени посебни истражни мерки во однос на претходната година. Кажа дека се работи на надградување на новиот CASE систем со поддршка проектот на ЕУ –подршка за владеење на правото, каде се обезбедени средства преку ИПА 3 програмата. Во делот на просторните услови кажа дека се добри освен во некои јавни обвинителства во РСМ посочувајќи ги ОЈО Тетово, Гостивар, Кичево и Кочани кои се соочуваат со недостаток на простор. Кажа дека од предвидените 261 јавно обвинителски места оваа година функцијата јавен обвинител ја извршувале вкупно 169 јавни обвинители и дека јавните обвинителства во Ресен, Делчево, Берово и Крива Паланка се без јавен обвинител. Во однос на јавнообвинителската служба од предвидените согласно систематизација, пополнети се само 1/3 од предвидените места. Во делот на буџетските средства кажа дека од бараните 1.299.000.000 денари биле доделени 870.224.00 денари од кои 72,6% одат на плати, а 14,3% на трошоци. Исто така членовите на Советот беа запознаени со постапувањата и работата на ВЈО во РСМ, како и со работата на јавните обвинители и постапувањето по предмети во ЈОРСМ. Заклучи дека врз основа на изложеното, Јавното обвинителство и покрај намалениот број на јавни обвинители постигнало успешни резултати. Како проблем останува недоволно финансирање на обвинителството како и не пополнувањето на јавнообвинителски кадар и недостиг на јавнообвинителската служба.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими и се заблагодари на ВД Јавниот обвинител на РСМ г-ѓа Анита Тополова Исајловска на излагањето на Годишниот извештај по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор ВД Јавниот обвинител на РСМ г-ѓа Анита Тополова Исајловска ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештајот за работата на Јавното обвинителство на РСМ за 2024 година. Едногласно со десет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај за работата од Јавното обвинителство на РСМ за 2024 година

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на јавните обвинителства на Република Северна Македонија изготвен од Јавното обвинителство на РСМ.**

Под точка разно од дневниот ред откако се врати на седница ВД Јавниот обвинител на РСМ г-ѓа Анита Тополова Исајловска збор зема г-ѓа Кети Петкова која како координатор за подрачјето на ВЈО Гостивар кажа дека до Советот е доставено писмо од страна на ОЈО Тетово, кое писмо исто така е пратено до ЈОРСМ и ВРСМ, а се однесува на проблем со просторните услови со кои се соочува ОЈО Тетово каде од постоечките и тоа малку простории му се одземаат уште две канцеларии од страна на Судот во Тетово и тоа со одлука на ВРСМ. Кажа дека Советот не е надлежен дури и ЈОРСМ, но предложи Советот писмено да се обрати до Министерството за правда на РСМ за да изнајде решение за настанатата состојба.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими се согласи со констатацијата дека Советот нема ингеренции, но смета дека Советот писмено треба да се обрати до ВРСМ и предложи ВД Јавен обвинител на РСМ, да изнајде решение за да се надмине оваа ситуација.

ВД Јавен обвинител г-ѓа Анита Тополова Исајловска кажа дека не е запозната со овој допис и побара официјално да и се препрати на запознавање. Воедно кажа дека ќе се обрати писмено со барање или известување до ВРСМ. Наведе дека за се ќе биде известен и Советот.

Откако друг никој не зема збор, Претседателот ја заклучи триесет и четвртата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**